Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 150/0306
18.04 2018 год.
Скопје

17.04.2018

Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), врз основа на примена жалба од Демократската унија за интеграција (ДУИ), го утврди следново:

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во известувањето медиумите не ги нарушиле ниту етичките, ниту професионалните стандарди. Содржината на изјавите и ставовите на поединци и групи не се во доменот на надлежностите на Комисијата за жалби.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 6 април 2018 година, Демократската унија за интеграција (ДУИ) поднесе жалба за изјавите на новинарот и Претседател на Здружението на новинарите на Република Македонија (ЗНМ), Насер Селмани, објавени во следните медиуми:

www.portalb.mk „Naser Selmani për kumtesën e BDI-së: copa u bëfshin, neve nuk na e ndinë!“ (Насер Селмани за соопштението на ДУИ: Нека се потепаат, нас не не' интересира)

www.ina-online.net „Selmani: Nuk u frikësohem as banditëve të BDI-së/video“ (Селмани: Не се плашам од криминалците на ДУИ)

www.shqipmedia.com „Naser Selmani: Kujdes nga qentë kriminel të BDI-së që na erdhën nga mali – video“ (Насер Селмани: Внимание од криминалните кучиња на ДУИ, кои се симнаа од планина)

www.alsat-m.tv „Naser Selmani: askush të mos  frikësohet nga  kriminelët e BDI-së“ (Насер Селмани: никој да не се плаши од криминалците на ДУИ)

www.tetova1.com „Selmani: BDI nuk e pa të nevojshme të shprehëngushëllime për familjen e viktimës! Çfarë psikopatësh?!“ (Селмани: ДУИ не сметаше дека е потребно да изрази сочувство за семејството на жртвата! Какви психопати?!)

www.infoshqip.com Selmani: Fatime Fetai heroina ime, i mbështeti për muri këlyshët e Rusisë në Maqedoni (Селмани: Фатиме  Фетаи е мојата хероина,  ги залепи на ѕид кутрињата на Русија во Македонија)

www.telegraphy.com  Naser Selmani: BDI është më afër grupacioneve terroriste në botë (Насер Селмани: ДУИ е поблиску до терористичките групации во светот)

Во жалбата се наведува дека изјавите и коментарите на Насер Селмани, објавени во горенаведените седум медиуми, содржат навреда, лага, клевета и неетичко однесување.

„Бараме осуда на говорот на омраза, клеветите и навредите од страна на Селмани и јавно извинување“, се наведува во претставката на ДУИ.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk    info@semm.mk    (02) 3222-595

**ОДЛУКА**

Не постои основа за постапување од страна на Комисијата за жалби.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Според обврските утврдени во членовите 6, 7 и 8 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, извршен е увид во жалбата и утврдено е дека таа не е во рамки на надлежностите на Комисијата.

Поконкретно, Комисијата за жалби нема надлежност да реагира и постапува по искажани ставови или коментари на поединци или групи, објавени во медиумите, на што, во случајов, реагира жалителот. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Горенаведените медиуми објавиле цитати или парафразирале изјави на Претседателот на ЗНМ, Насер Селмани, дадени на јавни настапи и на социјалните мрежи, според што Комисијата не може и нема право да се меша во содржините што ги објавуваат медиумите.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595